Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

---

# З А П И С Н И К

од Петтата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 13.9.2018 година

Скопје, септември 2018 година

# З А П И С Н И К
од Петтата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор,
одржана на 13.9.2018 година

Седницата започна во 11:00 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Советот, Фани Каранфилова Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација и членовите: Миљазим Мустафа, Министерство за правда, Софија Кузмановска, Министерство за економија, Маја Лазареска Јовеска, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа, Христина Конеска Бероска, Секретаријат за европски прашања, Суеда Бајрами, Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, Марјан Николов, Центар за економски анализи Скопје, Мимоза Богданоска Јовановска, Македонско научно друштво Битола, Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп, Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје, Јасна Мандиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје, Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје, Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје, Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово, Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје, Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје и Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје.

На седницата отсуствуваа членовите на Советот: Славјанка Петровска, Министерство за внатрешни работи, Катерина Јовчевска, Министерство за финансии, Ангелина Бачановиќ, Министерство за здравство, Сафет Незири, Министерство за образование и наука, Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика, Гордана Ивановска-Велковска, Министерство за култура, Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Дарко Каевски, Агенција за млади и спорт, Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје, Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје, Бесим Небиу, Здружение на новинарите на Македонија Скопје и Андреја Стојковски, Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии.

На седницата присуствуваа и: Бобан Стојаноски и Марина Станојкова-Арсовски, како замена за Катерина Јовчевска, Министерство за финансии, Стефани Арсовска, како замена за Гордана Ивановска-Велковска, Министерство за култура, Елена Кочоска и Јулијана Климоска од Полио Плус-Движење против хендикеп, Биљана Властимирова од Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје, Ненад Тортевски од Центарот за

даночна политика, Никица Кусиникова од Здружението Конект, Зоран Цали од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје, Маја Петковска-Лесес, кабинет на министерот Роберт Поповски и претставници од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Сања Савовска и Елпида Петковска.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го утврди следниов:

Д Н Е В Е Н   Р Е Д

- Усвојување на Записникот од Четвртата седница на Советот, одржана на 13.6.2018 година

1. Заклучоци од Јавната дебата за реформа на начинот на финансирање на организациите на лица со хендикеп
2. Анализа на Законот за сметководство на непрофитните организации направена во рамки на проектот „Промени за одржливост“ финансиран од Европската Унија
3. Прашања и предлози

*

*        *

Советот без забелешки го усвои Записникот од Четвртата седница, одржана на 13.06.2018 година.

По одделните точки од Дневниот ред, Советот ги донесе следните заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Елена Кочоска од Полио Плус-Здружение на лица со хендикеп, ги информираше членовите на Советот за целта и заклучоците од јавната дебата на тема: „Игра на среќа врз несреќните – јаболко на раздорот“, одржана на 6.7.2018 година, во организација на Полио Плус – движење против хендикеп, како дел од проектот „Margina Obscura” поддржан од Европската Унија. Таа укажа на потребата од ефективно спроведување на Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп, финансиската поддршка на државата од средствата од игрите на среќа да биде наменета за унапредување на правата на лицата со хендикеп и да се надмине монополот врз овие средства на само седум организации/сојузи, преку измена на

Законот за инвалидските организации и Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Јасна Мандиќ, преку мотото „Ништо за нас без нас", ја потенцираше потребата лицата со попреченост активно да учествуваат во одлучувањето за нивните права, да се иницираат законски измени со кои ќе се овозможи правична распределба на средствата наменети за лицата со попреченост.

Гордана Гапиќ-Димитровска потсети дека до 14.9.2018 година отворен е повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година и истиот е добра можност за доставување на иницијативи од страна на граѓанските организации до Генералниот секретаријат на Владата-Одделение за соработка со невладини организации.

Никица Кусиникова од Здружението Конект укажа дека Македонскиот центар за меѓународна соработка веќе има изработено компаративна анализа и предлози за измени на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, а претставникот од Министерството за финансии, Марина Станојкова-Арсовски, информираше дека и во министерството се работи на компаративна анализа, но дополнително ќе достави подетални информации.

Претседателката на Советот, Фани Каранфилова Пановска предложи Советот од членовите од редот на граѓанските организации да номинира член во работната група за Законот за игрите на среќа и за забавните игри, по добиено известување од Министерството за финансии за статусот на подготовка на законот.

Заклучоци:

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ги разгледа заклучоците од јавната дебата на тема: „Игра на среќа врз несреќните – јаболко на раздорот", одржана на 6.7.2018 година, во организација на Полио Плус – движење против хендикеп, како дел од проектот „Margina Obscura" поддржан од Европската Унија и препорача Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии да ги имаат предвид заклучоците од оваа јавна дебата со цел реформа на начинот на финансирање на организациите на лица со хендикеп и воспоставување модел кој ќе ѝ овозможи на државата потранспарентно и целисходно да ги дистрибуира средствата од игрите на среќа и забавни игри кон организациите на лица со хендикеп.
2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да достави писмено известување до Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии за препораката на Советот.
3. Се задолжува членот на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од Министерството за финансии да го информира Советот за статусот на подготовка на нов или измени и дополнувања на Законот за игрите на среќа и за забавните игри.
4. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, од членовите од редот на граѓанските организации, да номинира член во работната група за

Законот за игрите на среќа и за забавните игри, по добиено известување од Министерството за финансии за статусот на подготовка на законот.

**Точка 2**

Никица Кусиникова од Здружението Конект и Ненад Тортевски од Центарот за даночна политика, ги информираа членовите на Советот за начинот на подготовка и клучните препораки од Анализата на Законот за сметководство на непрофитните организации, подготвена во рамките на проектот „Промени за одржливост" финансиран од Европската Унија. Тие посочија дека предложените измени на Законот за сметководство на непрофитните организации се дел од иницијативата на 80 граѓански организации за измени на даночната и фискалната регулатива во согласност со спецификите и потребите на граѓанскиот сектор, се осврнаа на резултатите од спроведената анализа, како и препораките за конкретни законски измени кои се однесуваат на застарени одредби и проблеми во практичната примена на Законот. Конкретни забелешки на анализата и препораките презентираа Зоран Цали од Фондацијата Отворено општество Македонија и Биљана Властимирова од Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација.

Марјан Николов, укажа дека идентификуваните проблеми не се само од доменот на сметководството, а како пример ја посочи Албанија, каде во законската регулатива е утврдено задолжително во регионалните канцеларии на УЈП на Албанија да има и даночни инспектори кои се со познавање на непрофитниот сектор.

Претседателката на Советот, Фани Каранфилова Пановска предложи да продолжи процесот на консултации за препораките за измени на Законот за сметководство на непрофитните организации, со активно учество на членовите на Советот од редот на граѓанските организации и од ресорните министерства.

Заклучок:

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор по повод Анализата на Законот за сметководство на непрофитните организации, подготвена во рамките на проектот „Промени за одржливост", финансиран од Европската Унија, препорача во рамките на проектот да се организираат дополнителни консултации (работилница), со учество на членови на Советот од редот на граѓанските организации и ресорните министерства, со цел утврдување заеднички став за препораките за измени на Законот за сметководство на непрофитните организации.

**Точка 3**

Христина Конеска Бероска информираше дека на 21.9.2018 година, во Министерството за надворешни работи (Голема сала), ќе се одржи Конференција за размена на искуства со преговарачки тимови од земји членки на Европската Унија, а Секретаријатот за европски прашања ќе достави покана до членовите на Советот.

Ана Чоловиќ-Лешоска се осврна на проблеми за учество на јавноста во подготовка на документи, како примери ги наведе Стратегијата за енергетика и граѓанската иницијатива „Зачувај го Водно“ и најави дека ќе достави материјал за наредната седница на Советот. Сузана Никодијевиќ-Филиповска предложи членовите на Советот да ги разгледаат одредбите на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики и доколку оценат дека е потребно да предложат измени.

Ели Чакар информираше дека во рамките на регионалниот проект (Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Косово и Црна Гора), за зајакнување на капацитетите за соработка на граѓанскиот сектор и локалните власти (финансиран од ЕУ, а спроведуван од УНДП) јавниот повик за проекти во пет општини (Гостивар, Кавадарци, Куманово, Струмица и Ресен), во вредност по 120.000 ЕУР по општина, ќе се повтори, поради слабиот квалитет на апликациите и побара поддршка од граѓанските организации во зајакнување на капацитетите на малите организации кои што делуваат локално. Подетални информации ќе достави за наредната седница на Советот.

Марјан Николов најави дека на наредната седница на Советот ќе ја презентира Анализата на ДДВ третманот на физички лица и владеење на правото, подготвена од Центарот за економски анализи и Финанце тхикн.

Мимоза Богданоска-Јовановска предложи седниците на Советот да се планираат на подолг временски интервал, со повеќе точки на дневениот ред, поради патните трошоци на членовите на Советот кои живеат надвор од Скопје.

Заклучок:

1. Се задолжуваат членовите на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор писмените материјали предложени за дневен ред на наредната седница на Советот да ги достават по електронски пат до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат најдоцна осум дена пред денот на одржувањето на седницата на Советот.

*

*   *

Седницата заврши во 12:35 часот.

Наредната седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ќе се одржи на 9.10.2018 година.

Претседател на Советот за соработка со
и развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвил: м-р Елпида Петковска
Контролирал: Сања Савовска
Одобрил: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска